Уп. Бр.08-130/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Генерали Инвестментс Холдинг С.п.А, со седиште на Виа Мацхијавели, 4 – 34132, Трст, Италија, преку Адвокатско друштво Дебарлиев Дамески и Келешоска, од Скопје, на седницата одржана на ден 04.10.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Генерали Инвестментс Холдинг С.п.А, со седиште на Виа Мацхијавели, 4 – 34132, Трст, Италија стекнува директна единствена контрола над друштвото Коннинг Холдингс Лимитед, Англија, со регистрирано седиште на 24 Монумент Стреет, Лондон, Англија, XXX [1] иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 30.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Генерали Инвестментс Холдинг С.п.А, со седиште на Виа Мацхијавели, 4 – 34132, Трст, Италија, со која Генерали Инвестментс Холдинг С.п.А. ќе стекне директна единствена контрола над друштвото Коннинг Холдингс Лимитед, Англија, со регистрирано седиште на 24 Монумент Стреет, Лондон, Англија и индиректна единствена контрола врз неговите зависни друштва, XXX [2].

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон

---

[1] Податоците претставуваат деловна тајна.

[2] Податоците претставуваат деловна тајна.

истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Генерали Инвестментс Холдинг С.п.А** е холдинг компанија на група на компании кои претставуваат дел од бизнисот со управување со средства на Генерали Групацијата, која управува со средствата во име и за сметка на Генерали Групацијата и на трети лица, институционални и малопродажни клиенти.

Крајната мајка - компанија на Генерали Групацијата ("Генерали Групација") е АССИКУРАЦИОНИ ГЕНЕРАЛИ С.П.А. (ASSICURAZIONI GENERALI S.P.A.), регистрирана под број 026 во Регистарот на Групации на осигурување (Albo dei gruppi assicurativi) („Ассикурациони Генерали"), и истата е глобален учесник во секторот за осигурување и управување со средства.

Генерали Групацијата има корпоративно присуство во Република Северна Македонија преку своето зависно друштво:

- ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, со седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, Скопје - Центар, Република Северна Македонија, со регистрирана приоритетна дејност 66.30 – Дејности на управување со фондови.

**Коннинг Холдингс Лимитед** е глобална компанија за управување со средства која обезбедува инвестициски решенија претежно за осигурителната индустрија и други институционални инвеститори. Коннинг Холдингс Лимитед е холдинг компанија на Групацијата, група на компании за управување со средства кои работат во САД, Обединетото Кралство и Азија (Хонг Конг). Коннинг Холдингс Лимитед главно вклучува четири бизнис линии за управување со инвестиции, со долга историја на опслужување на осигурителната индустрија.

Коннинг Холдингс Лимитед и Групацијата немаат корпоративно присуство во Република Северна Македонија, ниту пак оствариле приход во годината што и претходи на Трансакцијата.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**